# Major non-psychiatric treatment

About your rights

# Големо непсихијатриско лекување

За вашите права

Macedonian

## Краток преглед

Ако вашиот психијатар или доктор препорача да имате големо непсихијатриско лекување вие:

- ќе добиете информации за лекувањето и може да поставувате прашања за него
- имате право да го одбиете лекувањето ако сте способни за него да дадете информирана согласност
- имате право да добиете медицински и правен совет
- имате право за вашето лекување да добиете второ мислење од доктор или специјалист
- имате право да ве претставува пријател, роднина или правник
- може да се жалите за вашето лекување
- имате права според *Повелбата за човекови права и одговорности.*

Вие може да побарате од некој член на тимот што ве лекува, пријател, роднина, правник, застапник или посетител од заедницата да ви помогне околу овие работи, или да стапите во контакт со некоја од организациите наведени на крајот од оваа брошура.

### За вашите права

Оваа брошура ви е дадена бидејќи вашиот доктор или психијатар препорачал дека ќе ви користи некое конкретно големо непсихијатриско лекување. Во неа се дадени информации за вашите законски права според *Законот за ментално здравје 1986.*

Вашиот психијатар или член на тимот што ве лекува ќе разговара со вас за овие информации и за вашите права, и ќе одговори на вашите прашања.

Овие информации мора да бидат објаснети на јазик или начин што може да ги разберете. Оваа брошура е исто така преведена на извесен број јазици. Вие може да прашате некој член на тимот што ве лекува дали брошурава е на располагање на вашиот јазик.

Примероци на Законот за ментално здравје може да се добијат во службата за ментално здравје.

## Содржина


| | |
|---|---|
| Големо непсихијатриско лекување | 2 |
| Жалби | 3 |
| Важни контакти | 4 |


A Victorian Government initiative

State Government Victoria

Ако во било кое време имате прашања за некое големо непсихијатриско лекување или за вашите права, побарајте некој да ви ги објасни. Тоа може да го побарате од некој член на тимот што ве лекува, пријател, роднина, правник, застапник или посетител од заедницата.

### *Повелба за човечки права и одговорности*

Цел на *Законот за Викториската повелба за човечки права и одговорности 2006* е да промовира и заштити извесни човечки права. Повелбата ги дефинира загарантираните права и ги обврзува јавните служби за ментално здравје да делуваат во согласност со тие права.

Во Повелбата исто така конкретно се наведува кога и како некои права може да бидат ограничени со закон. На пример, според Законот за ментално здравје, вие може да бидете затворени во служба за ментално здравје ако е тоа неопходно за да се заштити вашето здравје или безбедност, или безбедноста на други лица. Меѓутоа, секое ограничување на вашата слобода и секое нарушување на вашите права, приватност и самопочитување мора да се одржува на неопходен минимум, зависно од околностите.

Ако имате прашања за Повелбата или за тоа како таа може да влијае врз вашето лекување, стапете во контакт со некоја од организациите наведени на крајот од оваа брошура.

## Големо непсихијтриско лекување

Лекувањето што вашиот доктор го препорача е опишано како **големо непсихијатриско лекување**. Тоа е првенствено наменето за лекување на некоја физичка состојба, а не на вашата ментална болест. Третманите на следната листа се големи непсихијатриски лекувања:

- било која операција извршена под тотална или локална анестезија
- користење на тотална или локална анестезија за било која цел
- хемотерапија
- радиотерапија.

Големо непсихијатриско лекување не опфаќа „специјални постапки“ или „постапки за медицински истражувања“ во смисла на *Законот за старателство и управна постапка 1986.*

Специјалните постапки вклучуваат:

- секоја постапка чија цел е некое лице да се направи трајно неплодно (стерилизација)
- прекин на бременост (абортус)
- отстранување на ткиво заради пресадување кај друго лице.

Ако некој доктор препорача врз вас да се изврши „специјална постапка“, треба да побарате совет од Јавниот застапник (Public Advocate) или од некоја од другите организации наведени на крајот на оваа брошура.

Медицинска истражувачка постапка е секоја постапка што се извршува заради медицинско истражување, вклучувајќи давање лек или употреба на опрема или справа како дел од клинички експеримент. Во тоа не се вклучува кој и да е ненаметлив преглед, посматрање на активности на некое лице, спроведување анкета или собирање или користење информации.

### Лекување

Вашиот психијатар или доктор ќе разговара со вас за вашата медицинска состојба, ќе го објасни предложеното лекување, можните придружни ефекти и алтернативни лекувања, ќе го побара вашето мислење и ќе одговори на сите прашања што ги имате во врска со лекувањето.

### Застапување

Кога со вашиот психијатар ќе разговарате за големо непсихијатриско лекување, со вас може да имате некој што ќе ви даде поддршка. Ваше право е со вас да имате пријател, роднина, правник или застапник да ве претставуваат пред да се согласите со лекувањето.

### Совет и второ мислење

Ваше право е да добиете правни и медицински совети. Исто така е ваше право да добиете второ мислење дали ви е потребно големо непсихијатриско лекување. Службеникот задолжен за вашиот случај (case manager) или психијатарот може да организираат да добиете второ мислење или вие можете да одберете ваш доктор. Ако се одлучите за приватен доктор, може да треба да го платите.

### Давање согласност за лекување

Ако сте способни да дадете информирана согласност, врз вас може да се изврши големо непсихијатриско лекување само ако се согласите. Тоа значи дека ако сте способни да дадете информирана согласност, вие имате право да го одбиете лекувањето.

## Информирана согласност

Информирана согласност е кога вие се согласувате да го добиете лекувањето откако ви било речено:

- што опфаќа лекувањето
- која е користа, непријатностите и ризиците од лекувањето
- за сите други начини на лекување што може да ви користат
- ако сте добиле одговор на секое ваше прашање за лекувањето и сте ги разбрале одговорите
- дали лицето кое го препорачува лекувањето или докторот што ќе го изврши имаат било каква финансиска врска со службата, болницата или клиниката каде лекувањето ќе биде дадено или извршено
- вашите законски права и други овластувања.

Пред да одлучите дали сакате врз вас да биде извршено лекувањето, важно е да бидете добро информирани. Ако имате прашања, треба да ги поставите на вашиот психијатар, доктор или друг специјалист, или да побарате совет од пријател, роднина, правник или застапник, или од некоја од организациите наведени на крајот од оваа брошура.

Ако се согласите да имате големо непсихијатриско лекување, од вас ќе биде побарано да потпишете еден формулар со кој изјавувате дека сте дале информирана согласност.

### Повлекување на согласност

Ако сте се согласиле на големо непсихијатриско лекување, но потоа сте се премислиле, ваше право е да ја повлечете согласноста во секое време и лекувањето нема да биде извршено. Ако сакате да ја повлечете вашата согласност, треба да разговарате со докторот што ве лекува.

### Лекување ако не сте во состојба да дадете информирана согласност

Ако не сте во состојба да дадете информирана согласност, а некое големо непсихијатриско лекување е неопходно, лекувањето може да биде извршено врз вас дури и ако го одбиете.

Ако имате 18 или повеќе години, согласност може да даде првото лице наведено во продолжение, кое е на располагање, сака и може да донесе одлука за предложеното лекување (ако нема никого во првата категорија, одете на втората итн.):

- лице со медицинско полномошно (medical enduring power of attorney), ако сте овластиле некого
- лице назначено од Викторискиот граѓански и административен трибунал (Victorian Civil and Administrative Tribunal) да донесува одлуки за предложеното лекување (ако некој е назначен)
- старател (ако го имате)
- траен старател (ако сте го назначиле)
- овластен психијатар.

Ако сте помлади од 18 години и не сте во состојба да дадете информирана согласност, согласност може да даде кое и да е лице наведено во продолжение, кое е на располагање, сака и може да донесе одлука за предложеното лекување:

- родител
- старател
- лице назначено според Членот 597 од *Законот за деца, младинци и семејства 2005*
- овластениот психијатар, но само ако нема родител, старател, заштитник или менаџер за детска заштита кој е на располагање, сака и може да ја донесе одлуката.

### Итно лекување

Ако некое големо непсихијатриско лекување е потребно за да ви се спаси животот, за да се спречи сериозно нарушување на вашето здравје или да се спречи ваше страдање или страдање од силна болка или вознемиреност, лекувањето може да биде извршено без ваша согласност.

## Жалби

Односот кон вас треба да биде со достоинство и почитување, и да бидете заштитени од малтретирање кога ќе добиете лекување и нега во врска со вашата медицинска состојба.

Ако сте незадоволни од било кој дел од вашето лекување или нега, може да се жалите. Најнапред може да се жалите на службеникот задолжен за вашиот случај (case manager), главната медицинска сестра (primary nurse) или на друг член на тимот што ве лекува, на службеникот задолжен за жалби (complaints liaison officer) или на советникот за странки (consumer consultant) во болницата, на вашиот доктор или психијатар, или на директорот на психијатрија во службата за ментално здравје.

Вие исто така може директно да се жалите до Началникот на здравствени служби (Health Services Commissioner) на телефонот 8601 5200 или до Главниот психијатар (Chief Psychiatrist) на 1300 767 299.

Ако ви треба помош во врска со вашата жалба, може да побарате да ви помогне некој во кого имате доверба. Тоа може да биде член на тимот што ве лекува, пријател, роднина, правник или посетител од заедницата.

## Важни контакти

Организациите со кои може да стапите во контакт за помош и повеќе информации се наведени во продолжение.

- **Посетители од заедницата (Community visitors)** се лица кои ги посетуваат службите за душевно здравје барем еднаш месечно за да ја разгледаат соодветноста на службите и објектите за лекување и нега на пациенти, ги испитуваат поплаките и известуваат за нивното разгледување и испитување.

  5. кат 436 Lonsdale Street, Melbourne 3000
  Телефон: 9603 9500
  Бесплатен повик: 1300 309 337

- **Правниот центар за душевно здравје (Mental Health Legal Centre)** е независна правна служба специјализирана за правни прашања во врска со душевното здравје. Таа може да уреди да бидете застапувани на состаноците на Одборот за ревизија на душевно здравје или да ви даде совет во врска со други правни работи.

  9. кат, 10–16 Queen Street, Melbourne 3000
  Телефон: 9629 4422
  Бесплатен повик: 1800 555 887

- **Викториска правна помош (Victoria Legal Aid)** овозможува бесплатни правни совети за разни прашања. Може исто така да овозможи правна помош доколку не можете да си дозволите приватен адвокат и може да ви помогне со правно застапување на состаноците со Одборот за ревизија на душевното здравје.

  350 Queen Street, Melbourne 3000
  Телефон: 9269 0234
  Бесплатен повик: 1800 677 402

- **Јавниот застапник (Public Advocate)** помага, советува и застапува лица со сериозни жалби во врска со службите за душевно здравје и онеспособени лица и во врска со лекувањето.

  5. кат, 436 Lonsdale Street, Melbourne 3000
  Телефон: 9603 9500
  Бесплатен повик: 1300 309 337

- **Викториската комисија за човечки права и еднакви можности (Victorian Equal Opportunity and Human Rights Commission)** им помага на луѓето да ги разрешат жалбите во врска со дискриминација, има посебни функции во врска со *Повелбата за човечки права и обврски* и може да дава совети во врска со повелбата. Услугите вклучуваат линија за распрашување, како и доверлива, бесплатна и објективна служба за решавање на жалбите.

  3. кат, 380 Lonsdale Street, Melbourne 3000
  Телефон: 9281 7100
  Бесплатен повик: 1800 13 41 42
  Веб страница:
  www.humanrightscommission.vic.gov.au

- **Главниот психијатар (Chief Psychiatrist)** е виш службеник на Одделот за општествени услуги, назначен според Законот за душевно здравје, со посебни надлежности во однос на лицата кои добиваат услуги во врска со душевното здравје. Тоа вклучува и право да испитува жалби и други прашања и да преземе неопходни дејствија.

  50 Lonsdale Street, Melbourne 3000
  Телефон: 9096 7571
  Бесплатен повик: 1300 767 299

- **Началникот на здравствените служби (Health Services Commissioner)** е независен началник кој ги испитува и помага во решавањето на поплаките од корисниците на здравствената нега во врска со здравствените услуги, вклучувајќи ги и службите за душевно здравје. Началникот може да му помогне на пациентите да добијат пристап до нивните здравствени информации.

  30. кат, 570 Bourke Street, Melbourne 3000
  Телефон: 8601 5200
  Бесплатен повик: 1800 136 066

- **Правобранителот (Ombudsman)** ги испитува поплаките во врска со државните оддели.

  3. кат, 459 Collins Street, Melbourne 3000
  Телефон: 9613 6222
  Бесплатен повик: 1800 806 314

- **Одборот за ревизија на душевно здравје (Mental Health Review Board)** е независен трибунал, кој ги разгледува жалби на пациентите што се лекуваат принудно, пациенти што се под наредба на принудно лекување и пациентите под надзор, кои сакаат да им биде укинат нивниот статус на принудно лекување. Тој исто така автоматски врши ревизија на случаите на овие пациенти.

  30. кат, Marland House,
  570 Bourke Street, Melbourne 3000
  Телефон: 8601 5270
  Бесплатен повик: 1800 242 703
  Факс: 8601 5299
  Електронска пошта: mhrb@mhrb.vic.gov.au
  Интернет страница: www.mhrb.vic.gov.au

За други локални организации и групи за поддршка кои би можеле да ви помогнат исто така може да го прашате службеникот задолжен за вашиот случај (case manager) или кој и да е член на тимот што ве лекува.

## Печатени брошури од серијата 'За вашите права':

- Принудни пациенти *(Involuntary patients)*
- Наредби за ограничено принудно лекување *(Restricted involuntary treatment orders)*
- Пациенти под надзор *(Security patients)*
- Форензички пациенти *(Forensic patients)*
- Електроконвулзивна терапија *(Electroconvulsive therapy)*
- Големо непсихијатриско лекување *(Major non-psychiatric treatment)*
- Наредби за надгледување без надзор *(Non-custodial supervision orders)*

## Други брошури од серијата 'За вашите права':

- Форензички пациенти (во затвор и со налог за преодно отстранување) *(Forensic (remand and interim disposition order) patients)*
- Продолжено лекување (дел 12A-12D) принудни пациенти *(Continuing treatment (section 12A-12D) involuntary patients)*
- Наредби за проценување и дијагноза, наредби за проценување и лекување *(Assessment orders and diagnosis, assessment and treatment orders)*
- Психохирургија *(Psychosurgery)*

Овие и други брошури се достапни во голем број на интернет на www.health.vic.gov.au/mentalhealth.

Одредени брошури се исто така достапни на други јазици.

Издание на Одделот за ментално здравје и дрога при Министерството за хумани служби на Владата на Викторија, Мелбурн, Викторија, Австралија.

© Авторски права на Државата Викторија, Министерство за хумани служби, 2008.

Ова издание може да се умножува делумно или во целост под услов да се наведат авторските права.

Септември 2008 (080519)

Одобрено од Владата на Викторија, Мелбурн

**Дали оваа брошура ви треба во друг формат?**

Ако оваа брошура ви треба во друг формат, разговарајте со службеникот задолжен за вашиот случај (case manager) или било кој член на тимот што ве лекува.

State Government Victoria
Department of Human Services